**„Македонија“ и ул. „Московска“, плански период 2013-2018, Општина Карпош – Скопје (Одлука бр. 08-8826/6 од 3.12.2015 год.)**

**9. Предлог – Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 3.03.1.279 од Детален урбанистички план за градска четврт 3 03 – опфат помеѓу бул. „Партизански одреди“, корито на р. Вардар, бул. „Македонија“ и ул. „Московска“, плански период 2013-2018, Општина Карпош – Скопје (Одлука бр. 08-8826/6 од 3.12.2015 год.)**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за донесување на Техничка исправка за ГП 3.03.1.279 од Детален урбанистички план за градска четврт 3 03 – опфат помеѓу бул. „Партизански одреди“, корито на р. Вардар, бул. „Македонија“ и ул. „Московска“, плански период 2013-2018, Општина Карпош – Скопје (Одлука бр. 08-8826/6 од 3.12.2015 год.)**

**10. Предлог – Одлука за утврдување надоместок за градежно земјиште за населените места на подрачјето на Општина Карпош - с.Бардовци, односно населените места вон границите на ГУП на Град Скопје (кои претставуваат делови од КО Бардовци)**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на советот Адријана Јакимовска Панчевска побара да го добие извештајот и податокот дали општината има издадено одобрение со намена Г во изминатиот период побара на писмено да се достави материјалот.

Збор зема од секторот за урбанистичко планирање Благица Блажевска посочи дека мора да оди до Општината за да им ги достави податоците.

Збор зема членот на Советот Славко Митевски побара да се избрише ценовникот за објекти А2 намена.

Претседателот предложи точката да се разгледува и да се гласа подоцна откако ќе се добијат сооветните податоци.

**По спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема едногласно се усвои предлогот.**

Се премина на следната точка од дневниот ред.

**11. Предлог – План програма за развој на Општина Карпош за 2025-2035 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, 2 ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоен План програмата за развој на Општина Карпош за 2025-2035 година.**

**12. Предлог-Решение за формирање на комисија за изработка, следење и спроведување на едногодишни Акционени планови за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 3 (Локален Еколошки Акционен План)**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоено Решението за формирање на комисија за изработка, следење и спроведување на едногодишни Акционени планови за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 3 (Локален Еколошки Акционен План).**

13. **Предлог-Едногодишен краткорочен акциски план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 3 за 2025 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 20 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАН нема, констатирано е дека е усвоен Едногодишен краткорочен акциски план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 3 за 2025 година.**

**14. Предлог – Одлука за усвојување на Социјален план на Општина Карпош**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Претседателот на комисијата Благица Цветановска со предлог да се објасни точката за што станува збор?

Збор зема Тања Гишев од секторот за социјална заштита да ја образложи точката законска обврска на секоја општина била да формира совети за социјална заштита тие како Општина имале формирано Совет за социјална заштита и како служба биле задолжени во консултација со министерство за труд и социјална политика имале обуки во кој што им дале насоки како треба да се изготви тој Социјален план на располагање им била консултанска куќа која им помагала се вика Социјален план бидејќи со негова помош се статистички податоци кои што ги добиеле од различни институции демографски и социо-економски податоцитие мапираат со какви социјални проблеми се соочува Општината и на тој начин може понатаму да планираат понатамошни активности за развивање на социјалните услуги. Како Општина има развиено 2 социјални услуги:

-Партнерство со црвен крст -помош и нега во домот
-стручен совет за помош и поддршка за деца со попреченост во соработка со македонското Монтесори здружение.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за усвојување на Социјален план на Општина Карпош.**

Претседателот на Совет предложи заедничката расправа по следните предлог точки, точка бр.15,16,17 и точка бр.18, а поединечно да се гласа по истите.

**По спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена иницијативата за заедничка расправа.**

Збор зема членот на Советот Христо Саракинов со прашање како ќе работат тие негувателки со уште плус 10 деца во детските градинки?

Реплика Бранко Ристов во образованието има голем проблем со лиценци, од планови за вработувања, најниски просечни плати, катастрофални ситуации во образованието без оваа Одлука не ќе можат родителите да си ги запишат сите деца во детските градинки.

Збор зема Гордана Зафировска од секторот јавни дејности (образование, социјална и детска заштита) законска обврска е да се изгласа точката посочи дека се мисли за надкапацитет бидејќи во групите е пропишано по 20 деца (големи деца), 15 деца (јасли итн.) децата во предучилишните установи не доаѓаат толку редовно установата сака да излезе во пресрет на родителите и поради тоа е дозволен тој надкапацитет или под капацитет како што било во короната каде што се примале под капацитет деца од здравствените установи пропишано било во објектот ако има 4 групи по 20 деца, а примале по 15 деца во тој случај требало одлука која ќе биде и за подкапацитет на деца во детските установи. Посочи дека е алармантна ситуацијата во градинките во однос на персоналот.

Збор зема членот на советот Татјана Стојановска со прашање како може да се изгласа одлука ако не се наведе во неа минимална или максимална бројка на деца.

Дискусија развија членовите на советот Добрила Андоновска, Христо Саракинов, Благица Цветановска, Владимир Бислимовски, Адријана Јакимовска Панчевска.

**15. Предлог-Одлука за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, го затвори претресот и точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје.**

**16.Предлог-Одлука за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претедателот го затвори претресот и точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје.**

**17. Предлог-Одлука за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Карпош-Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена, Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Карпош-Скопје.**

**18. Предлог-Одлука за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Карпош-Скопје**

Претседателот констатираше дека Благица Блажевска – од секторот за урбанизам е дојдена на седницата со податоците, така што премина на дискусија по точка 10 од усвоениот дневен ред.

**10.Предлог – Одлука за утврдување надоместок за градежно земјиште за населените места на подрачјето на Општина Карпош - с.Бардовци, односно населените места вон границите на ГУП на Град Скопје (кои претставуваат делови од КО Бардовци)**

Зема збор Благица Блажевска – од секторот за урбанизам која ги посочи податоците односно пристигнатите барања конкретно за намена Г кои биле поднесени до Општина Карпош.

Се разви дискусија помеѓу Благица Блажевска и членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска.

Претседателот даде пауза за да можат службите и членовите на Совет да дискутираат и да се објаснат во однос предлог – одлуката.

По паузата, Претседателот на совет констатираше дека членовите на Совет и службите, односно секторот за урбанизам објасниле и образложиле и ја дефинирале предлог одлуката.

Претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за утврдување надоместок за градежно земјиште за населените места на подрачјето на Општина Карпош - с.Бардовци, односно населените места вон границите на ГУП на Град Скопје (кои претставуваат делови од КО Бардовци).**

**19. Предлог-Решение за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУОДГ „Распеана Младост“ Карпош-Скопје**

Претседателот отвори расправа по предложената точка .

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и ја стави предлог точката на гласање.

**По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоено Решението за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУОДГ „Распеана Младост“ Карпош-Скопје.**

Претседателот предложи по следните 4 точки од усвоениот дневен ред заеднички да се расправа а поединечно да се гласа.
Предлогот го стави на гласање и беше едногласно усвоен од членовите на Советот.

Претседателот отвори расправа по предложените точки.

Зема збор членот на Советот Татјана Стојановска, кој посочи дека во материјалите не можела да го пронајде за ЈУОДГ Распеана Младост.

Од службите и посочија дека има доставен материјал и на лице место и покажаа во фолдер на линкот доставен до членовите на Советот.

Зема збор Гордана Зафировска – од секторот за јавен интерес која посочи дека во однос на детските градинки сите годишни планови се по веќе доставена согласност и плановите најмногу се однесуваат за технички персонал и по основ на пензионирања.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и ги стави предлог точките на гласање.

**20. Предлог-Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ЈУОДГ „Мајски Цвет“ Општина Карпош-Скопје,**

**По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоено Решението за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ЈУОДГ „Мајски Цвет“ Општина Карпош-Скопје.**

**21. Предлог-Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ЈУОДГ „Орце Николов“ Општина Карпош-Скопје,**

**По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоено Решението за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ЈУОДГ „Орце Николов“ Општина Карпош-Скопје.**

**22. Предлог-Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ЈУОДГ „Пролет“ Општина Карпош-Скопје,**

**По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН,**

**констатирано е дека е усвоено Решението за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ЈУОДГ „Пролет“ Општина Карпош-Скопје.**

**23. Предлог-Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ЈУОДГ „Распеана Младост“ Општина Карпош-Скопје,**

**По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоено Решението за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ЈУОДГ „Распеана Младост“ Општина Карпош-Скопје.**

Претседателот на Совет предложи следните 10 предлог – точки за вработување во општинските основи училишта на територија на Општина Карпош – Скопје, да се разгледуваат интегрално а по нив да се одлучува односно гласа поединечно.

Предлогот беше ставен на гласање и едногласно усвоен од членовите на Советот.

Претседателот отвори расправа по предложените точки.

Зема збор членот на Советот Татјана Стојановска која даде забелешка дека во материјалите не можела да најде материјал за две општински основни училишта.

Од службите и посочија дека на комисијата за ајвни дејности биле присутни сите директорки од училиштата кои детално ги образложиле годишните планови за вработувања.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и ги стави предлог точките на гласање.

**24. Предлог-Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Аврам Писевски“ Општина Карпош Скопје,**

**По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоено Решението за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Аврам Писевски“ Општина Карпош Скопје.**

**25. Предлог-Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Братство“ Општина Карпош Скопје,**

**По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоено Решението за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Братство“ Општина Карпош Скопје**

**26. Предлог-Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Вера Циривири Трена“ Општина Карпош Скопје,**

**По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоено Решението за давање согласност на Годишен план за**

**вработување за 2026 година на ООУ „Вера Циривири Трена“ Општина Карпош Скопје**

**27. Предлог-Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Владо Тасевски“ Општина Карпош Скопје,**

**По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоено Решението за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Владо Тасевски“ Општина Карпош Скопје**

**28. Предлог-Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Војдан Чернодрински“ Општина Карпош Скопје,**

**По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоено Решението за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Војдан Чернодрински“ Општина Карпош Скопје.**

**29. Предлог-Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Димо Хаџи Димов“ Општина Карпош Скопје,**

**По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоено Решението за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Димо Хаџи Димов“ Општина Карпош Скопје.**

**30. Предлог-Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Јан Амос Коменски“ Општина Карпош Скопје,**

**По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоено Решението за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Јан Амос Коменски“ Општина Карпош Скопје.**

**31. Предлог-Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Лазо Трповски“ Општина Карпош Скопје,**

**По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоено Решението**

**32. Предлог-Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Петар Поп Арсов“ Општина Карпош Скопје,**

**По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоено Решението за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Петар Поп Арсов“ Општина Карпош Скопје.**

**33. Предлог-Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ Општина Карпош Скопје,**

**По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоено Решението за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ Општина Карпош Скопје.**

**34. Предлог – Одлука за прифаќање на донација од Александар Ефтимовски**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за прифаќање на донација од Александар Ефтимовски.**

**35. Предлог – Одлука за давање согласност за изготвување Физибилити студија за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на спортски терен во Општина Карпош – Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Зема збор член на Советот Татјана Стојановска која посочи дека по поставувањето на дневниот ред на социјалните медиуми, имало бурни реакцијии особено од родителите на учениците од оoу „Лазо Трповски“ кои се категорично против изградба на нов терен и воспоставување на јавно приватно партнерство. Дворот во училиштето е единствен безбеден терен за децата. Родителите се против давање под закуп на делови од училиштата и узурпација на училишниот простор .
Истакна дека како претставник на советничка група „независни“ ќе гласаат НЕ за ваков вид на одлука.

Зема збор Претседателот кој реплицираше дека не треба да се шират дезинформација помеѓу граѓаните, особено не на социјални медии.
Бидејќи оваа одлука не е за давење под закуп, туку фудбалски клуб бара физибилити студија за да се утврди потреба од јавно приватно партнерство.
Смета дека треба информациите правилно да бидат споделени на граѓаните а не вакви дезинформации и нивни реакции на истите.

Се разви дискусија помеѓу претседателот на Совет и членот на Советот Невена Георгиевска кои изнесоа свои лични ставови, во одреден дел дискусијата беше и надвор од темата на предложената точка.

Немаше претставници од секторот за да ја објаснат предложената точка.

Зема збор Јелена Цветковиќ – од одделението за поддршка и организација на Советот која посочи дека до Општината е доставено барање од заинтересирани граѓани, и оааа одлука е само прва фаза односно одлука за изготвување на физибилити студија, во која би се

утврдила потребата од јавно приватно партнерство. Со оваа предлог – одлука не се одлучува за склучување на јавно приватно партнерство.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 2 гласови ЗА, 8 гласови ПРОТИВ и 6 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека не е усвоена Одлуката за давање согласност за изготвување Физибилити студија за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на спортски терен во Општина Карпош – Скопје.**

**36.Одлука за прифаќање донација од Друштво за производство, градежништво, промет, трговија и услуги ММ МАРКОВСКИ-ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Зема збор Претседателот на Совет која ја прочита предлог – донацијата.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за прифаќање донација од Друштво за производство, градежништво, промет, трговија и услуги ММ МАРКОВСКИ-ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.**

**37. Советнички прашања**

Зема збор Адријана Јакимовска Панчевска која го постави следното советничко прашање:
1. Прашање од жител: на улица „Козле 2“ бр.84 пред месец дена има пријавено во м.з и до Општина дека нема улично осветлување, било проблем на децата и на возрасните да се движат.

2.Во однос на јпп договорот, сака да укаже дека еден од советниците кој е дел од советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата пред три години, бил дел од комисијата и биле „ЗА“ комплетно да се променат уличните светилките во лед светилки и дека на тој начин ќе се штеди, со анализа која ја преставил Градоначалникот колку ќе се заштеди. Минатиот пат (на седница) помина физибилити студија за ЈПП за осветлување, таков договор за одржување на осветлување во Македонија не постои. Денеска се изгласа развојна програма за светилките. Конкретно што денес се изгласа, паушално нафрлени, изброени 20 столбови од 4000 столбови, замена на 112м2 подземна инсталација. Постави прашање како се земени овие параметри. Дали постои подземен катастар? Како може да предвидиме во наредни 10 години колку светилки ќе се менуваат? Претпоставува ако во 2022 година, се смениле поголемиот број на светилки па со некој рок од 3 години, сега веќе се предвидува промена. Износот секоја година која се издвојува е ист. И што ќе се случи, како можеме за наредни 10 години да одредиме една фирма тоа да го прави? Што ќе се случи ако тие 14 милиони денари предвидени годишно, во првите месец дена ако се

потрошат? Ако се исцрпат пари а истрошени се средствата што ќе се случи? Ако се променети сите светилки, на годишно ниво многу средства се издвојуваат. Во изминатите години се намалуваат средства за одржување на уличните светилки. Зошто се брза со ова? Тенденција беше да се намалат трошоците а со ова се плаќа повеќе на фирма за одржување.

Претседателот на Совет одговори дека веќе се донесе одлука за склучување на договор. И предложи писмено да се обрати со ова прашање за да може службите да одговорат прецизно.

Зема збор Предраг Станковски кој ги постави следните советнички прашања:
1. Барање бр.11- 6629/1 од 19.09.2024 година доставено од Градоначалник до Град Скопје за поставување на сообраќајни знаци на надвозникот во Бардовци. Дали е одговорено од Град Скопје? Ако не е одговорено да се прати ургенција.
2. Доставено до Општина Карпош со арх.бр. 28-2322/1 од 03.03.2025 година до секторот за уредување на градежно земјиште, барање за поплочување на улица, дали е постапено по барањето ?
3.Пред некое време се започнати работни активности на КП 772/7 и КП 763/3, кои според катастер се водат на РМ, нема обележано кој гради, што се гради?

Зема збор Татијана Стојановска која ги постави следните советнички прашања:

1.По кој основ , правилник или закон, градинките бараат од родителите дополнителни средства преку хигиенски средства и сл. за нивните деца во градинките?

2. Зошто дел од издадени дозволи за градба не се објавуваат во реално време? Упорно на страната на општината не се поставува градежната дозвола за на пр. ул. Копенхагенска, како и други.

- Барање за извештај за рушења со точни информации за објектот и сумата каде се извршени од инспекциската служба. Таков извештај да се носи на месечно ниво. И да, заклучокот за извршување кој го спомнав на седница беше тргнат од општинската страна ( поставен на 07.04.2025 а со дата од 28.02.2025), што се слуши со тој акт?

3.Дали е план во набавка за снимање на записници кој беше презентиран пред извесно време во општината?

4. Дали може да се постават столпчиња на ул. Никола Парапунов пред поранешната перална, на пешачката патека веднаш до Тинекс маркетот

5. Зошто се отстранети кутиите за селкција на отпад REDI Recycling од територија на општина Карпош?

Зема збор Невена Георгиевска која го постави следното советничко прашање:

1. Колкава инвестиција – приближно, е да се направи паркингот предвиден од ДУП од

2012 (1_DUP VLAE 1 DEL B -DEL февруари 2012). Кракот на улица Франц Прешерн покрај игралиштето од ДУП од 2012 (1_DUP VLAE 1 DEL B -DEL февруари 2012) започна да се спроведува во 2023, но паркингот останува нереализиран.
Барањето е поднесено и претходно од група граѓани од Влае до општина Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи и до Градоначалник со арх. бр. 50-6941/1 од 01.10.2024 потпишано од повеќе жители. Во одговорот стои дека не е предвидено со програмата за 2024. Прашање е зошто не е предвидено со програмата за 2025 ( дали поради големината на инвестицијата или постојат други причини).

Зема збор Убавица Игнатоска која го постави следното советничко прашање:
1. Дали во јпп за осветлување, договорот е рамковен, да нема конкретни количини на промена н?

Зема збор Христо Саракинов кој го постави следното советничко прашање:
1.Веќе има донесен ДУП за Карпош 1 и Карпош 2 во кој се предвидени катни гаражи, прашањето се однесува кога и дали ќе се почне со изгрдба на нив?
По исцрпување на точките од дневниот ред, Претседателот на Советот ја затвори 64. редовна седница на Советот на Општина Карпош која заврши во 15:20 часот.

Изработил: Виолета Андреевска
Јелена Цветковиќ

**Број: 09-4607/3**
**Датум: 15.05.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Бранко Ристов**